# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО 2023

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ

# ЗА ЕСЕ

Здружението ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р. Македонија.

ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените. Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат. Но, уште повеќе, се застапуваме за менување на законите и политиките што влијаат врз спроведувањето на здравствените права и правата на жените. Застапуваме на национално, но, и на меѓународно ниво. Подготвуваме и поднесуваме „извештаи во сенка“ и други видови документи за спроведување на меѓународните документи за правата на човекот пред одговорните меѓународни тела.

# СОДРЖИНА

| | | |
|---|---|---|
| 1 | ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 4 |
| 2 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 10 |
| 3 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 15 |
| 4 | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | 19 |



# 1

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2023 ГОДИНА

Во 2023 година се нотираат истите бариери и проблеми по однос на пристапот на жените до здравствените услуги за женско репродуктивно здравје. Се уште егзистира проблемот со недоволен број на матични гинеколози и нивна несоодветна територијална распределеност. Единствено се бележи унапредување во општината Шуто Оризари, каде започна со работа ординација со матичен гинеколог. Меѓутоа, потребно е редовно следење на состојбата, бидејќи во изминатите години иако неколку пати беше отворена оваа амбуланта се уште егзистираат проблемите во пристапот на жените Ромки до гинеколошка здравствена заштита, а сите гинеколози кои работеа во амбулантата по краток временски период ја напуштија општината.

По однос на Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката за 2023 година продолжува трендот на недоволно финансирање на Програмата и повторно е предвиден опфат на само 25.000 жени на годишно ниво. Дополнително, во програмата за 2023 година предвидено е жените самоиницијативно да се пријавуваат за скрининг преку електронската платформа за оваа намена skrining.mk. Ова претставува сериозна бариера во пристапот на жените, особено од ранливите групи, до оваа програма, бидејќи истражувањето на ЕСЕ спроведено во втората половина на 2022 година покажа дека само 5% од руралните жени се запознаени со овој начин на пријавување за скрининг, додека само 24% од руралните жени имаат можност самостојно да се пријават за скрининг преку електронска платформа. Состојбата е понеповолна помеѓу жените Ромки, бидејќи само 5% од нив се запознаени со овој начин на пријавување за скрининг, додека само 16% од нив имаат можност самостојно да се пријават за скрининг преку електронска платформа. Дополнително на тоа, Здружение ЕСЕ утврди и недоследности во функционалноста на закажување на прегледи со ПАП тест преку електронската платформа. Имено од пилот истражувањето кое го спроведовме во 2023 година, увидовме дека од 20 жени кои се пријавија на електронската платформа skrining.mk, ниту една не беше повикана за гинеколошки преглед до крајот на годината. Исто така, иако беше најавувано дека ХПВ типизацијата ќе го замени ПАП тестот како посигурна метода за скрининг, сепак оваа метода се уште е на ниво на пилот скрининг и се врши само на УК за Гинекологија и акушерство во Скопје. Унапредување е забележено во Програмата за скрининг на рак на грлото на матката. Имено, возрасната граница за опфат со скрининг од 24 години се намали на 21 година, што е во согласност со современите меѓународно прифатени стандарди. Исто така, позитивно е тоа што во Програмата се предвидени активности за мобилна гинеколошка амбуланта, преку која треба да бидат опфатени жените во руралните и тешко достапните населени места. Меѓутоа, значителни финансиски средства од оваа програма се издвојуваат за ангажираниот медицински и немедицински персонал, како и за координаторите на активностите, иако сите овие лица се вработени во јавни здравствени установи. Како пример, за Координаторот на доктори предвиден е месечен надомест од 18.000 денари, а за координаторот на медицински сестри предвиден е месечен надомест од 9.000 денари. Земајќи го во предвид недоволниот износ на буџетот за целата Програма, неопходно е искористување на максимум од расположливите средства за поголем опфат на жените со гинеколошки преглед со ПАП тест.

По однос на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2023 година, најголемо уназадување претставува тоа што буџетот за оваа програма е намален за

2 милиони денари во однос на 2022 година. Оваа состојба јасно укажува дека унапредувањето на здравјето на мајките и децата не претставува приоритет. Воедно, ниту во програмата за 2023 година не се предвидени средства за прегледи за време на бременост и за породување, за жените кои не се опфатени со здравствено осигурување, иако оваа мерка беше дел од програмата до 2022, кога беше укината. Оваа состојба претставува ризик бремените жени од ранливите категории кои немаат здравствено осигурување, да останат без соодветна здравствена заштита за време на бременоста. Исто така, во буџетот на Програмата за здравствена заштита на мајките и децата е предвидена буџетска ставка за надоместоци на работа на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување во износ од 1.000.000.000 денари, иако работата на оваа Комисија не е во согласност ниту со целите на Програмата, ниту со наративниот опис на Програмата. Па така, наместо овие средства да се искористат за превентивни здравствени услуги за мајките и децата, тие се користат за надоместоци на членовите на оваа Комисија. Единствено унапредување во програмата се бележи во тоа што е предвидена буџетска ставка за ромското население од Шуто Оризари преку обезбедување на средства за субвенционирање на работата на гинеколошката амбуланта со матичен гинеколог во оваа општина.

Во 2022 година Владата ја усвои Стратегијата за Ромите за периодот 2022 – 2030 година, меѓутоа дури на крајот на 2023 година е објавен Националниот акционен план за унапредување на здравјето на Ромите за 2023-2025 година. Претходниот Национален акционен план за здравје на Ромите се однесуваше за периодот 2015 - 2020 година, па согласно на овој податок за три години Владата немаше план за спроведување на активности што треба да водат кон унапредување на здравјето на Ромите во Македонија (2020-2023).

Воедно, за граѓаните во Шуто Оризари се уште не се обезбедени здравствени услуги од специјалистичко-консултативната здравствена заштита, како и дијагностика (лабораторија и рендген) во рамки на Поликлиниката во Шуто Оризари. Поликлиниките во останатите општини во рамки на Град Скопје ги обезбедуваат овие здравствени услуги за граѓаните.

Стапката на доенечка смртност во 2022 година изнесуваше 3.2 умрени доенчиња на 1.000 живородени, што претставува историски најниска стапка во Македонија. Изминатите децении забележани се флуктуации во стапката на доенечка смртност, при што после опаѓање забележан е и значителен пораст на стапката на смртност. Оттаму, потребно е континуирано следење на состојбите.

**<u>НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА</u>**

***Во 2023 година работевме на градење на капацитетите на мрежата на ГО од земјата и регионот, односно Европската мрежа на практичари за социјална отчетност и правно зајакнување чиј секретаријат го води ЕСЕ***

- Подготвивме комуникациска стратегија на Европската мрежа во соработка со организациите членки на мрежата од Р. С. Македонија, Црна Гора, Романија и Албанија.

- Го подготвивме и издадовме вториот билтен на Европската мрежа на практичари

- Одржавме онлајн обука со цел јакнење на капацитетите на организациите за примена на методологии за проценка на влијанието на промените во животната средина и условите за домување врз здравјето на населението, со посебен фокус на ранливите групи на граѓани.

- Организиравме два вебинари за размена на искуства помеѓу организациите членки на Европската мрежа, базирани на потребите на организациите. Првиот вебинар беше на тема „Креирање на можности за учество на различни чинители во одговорот кон кризни состојби во регионот“, додека вториот вебинар беше на тема „Стратешко застапување“.

- Организиравме две регионални средби за организациите членки на Европската мрежа. На првата средба ја финализиравме Комуникациската стратегија на мрежата, дискутиравме за проблемите со кои се соочуваат маргинализираните заедници во Р. С. Македонија, Албанија, Црна Гора, Романија и Грција и подготвивме нацрт план за заедничко делување со цел унапредување на положбата на маргинализираните заедници. На втората регионална средба, организациите од С. Македонија, Романија и Црна Гора, разменуваа искуства по однос на работењето со ранливите групи од населението, вклучувајќи го ромското население, руралното население, жртвите на трговија со луѓе; исто така организациите разменуваа искуства по однос на процесите на известување кон меѓународните тела за човекови права; а на средбата беше подготвена и методологијата за мерење на основните здравствени индикатори во државите од регионот.

- Учествувавме во консултативниот процес за подготовка на Стратешкиот план за работа на Глобалната мрежа на практичари за социјална отчетност (COPASAH).

***Оваа година ја посветивме на унапредување на здравјето на населението преку примена на методологии за социјална и бихејвиорална промена за практикување на здрави животни стилови и вакцинација на возрасното население***

- Обучивме 200 здравствени работници (доктори, медицински сестри и фармацевти) за примена на методите за социјална и бихејвиорална промена во нивната работа со цел унапредување на здравите животни стилови и опфатот со вакцинација на нивните пациенти. Воедно преку обуките ги зајакнавме комуникациските и интерперсоналните вештини на здравствените работници, со цел унапредување на квалитетот на нивните услуги.

- Спроведовме здравствена едукација на 843 граѓани за примена на здрави животни стилови и значењето на вакцинација на возрасното население, преку примена на методологии за социјални и бихејвиорални промени.

- Поделивме 2.043 здравствено-едукативни материјали во форма на мини постери со цел едукација на населението за здрави животни стилови и потребата од вакцинација на возрасното население.

- Испративме 7.966 СМС пораки до граѓаните и здравствените работници со информативно-едукативна содржина за унапредување на здравите животни стилови и вакцинација на возрасното население.

- Учествувавме на вебинар на кој ги споделивме искуствата од работата на ова поле со колеги од Молдавија кои започнуваат со спроведување на истата методологија.

- Организиравме работилница со претставници од здравствените институции со цел утврдување на бариерите за опфат со вакцинација, како на децата, така и на возрасното население и подготовка на предлог мерки за унапредување на опфатот со вакцинација.

***Континуирано го следевме спроведувањето на превентивните здравствени програми***

- Спроведовме пилот истражување за функционалноста на електронскиот систем за закажување на гинеколошки прегледи со ПАП тест во рамки на Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката.

- Подготвивме два медиумски прилози, едно видео и една статија, во која ги потенциравме недоследностите во спроведувањето на превентивните здравствени програми и ги проследивме нашите барања за унапредување на програмите.

***Работевме на унапредување на здравјето и здравствената заштита за ромското население***

- Обезбедивме експертска поддршка на партнерските ромски организации во процесот на подготовка за Картичка за оценка од ромската заедница, по однос на пристапот до и квалитетот на примарната здравствена заштита и превентивната здравствената заштита за жените, мајките и децата.

- Обезбедивме експертска поддршка на партнерските ромски организации за подготовка на Локална стратегија за застапување со цел унапредување на пристапот на Ромите до примарната здравствена заштита и унапредување на пристапот на жените, мајките и децата до превентивната здравствена заштита.

- Застапувавме за унапредување на здравствената заштита за граѓаните во општината Шуто Оризари, преку спроведување на петиција и доставување на барања до надлежните институции за зголемување на бројот на здравствени услуги во рамки на поликлиниката во Шуто Оризари, вклучувајќи матични лекари, специјалистичко-консултативна здравствена заштита, рендген кабинет и лабораторија.

- Ги зајакнавме капацитетите на партнерските ромски организации за спроведување на истражувања во ромските заедници, преку спроведена обука на оваа тема.

***Учествувавме на низа значајни национални и меѓународни настани и процеси, и дадовме свој придонес***

- Подготвивме извештај во сенка кон Универзалниот периодичен преглед на Обединети нации (ОН) во однос на правото на здравје и пристапот до здравствена заштита за ромското население, за жените и за руралното население.

- Дадовме придонес во консултативниот процес за подготовка на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2024 година.

- Како членки на Европската мрежа за здравје на Ромите учествувавме во подготовка на Препораки за унапредување на спроведувањето на стратегиите за инклузија на Ромите во земјите членки на ЕУ и земјите кандидати, во областа здравство.

- Учествувавме и дадовме свој придонес на конференцијата за унапредување на Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката и конференција за унапредување на здравствениот систем во Р. С. Македонија и дадовме свој придонес на истата

# 2

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2023 ГОДИНА**

Во текот на 2023 година не беа преземени суштински мерки за олеснување на пристапот до правда, ниту пак има подобрување на економските, политичките и социјалните околности поврзани со човековите права на ранливите групи на граѓани. Продолжува негативната практика на нераспределување на финансиски и човечки ресурси за спроведување на усвоените закони и политики во областа на родовата еднаквост, заштитата од дискриминација и насилство врз жените. Надлежните министерства и ЕЛС сеуште не ги спроведуваат законските обврски за обезбедување на буџетски средства на полето на превенција и заштита од семејно насилство (чл. 17-21 од Закон за превенција и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, Службен Весник на РСМ Бр.24 од 2021 година).

Иако е направен позитивен чекор со усвојувањето на измени и дополнувања на Кривичниот законик заради усогласување со Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство при Совет на Европа, сепак не беа прифатени сите предлози на граѓанските организации во однос на инкриминирање и кривичното гонење на одделни форми на насилство врз жените. „Телесната повреда“ при семејно насилство (чл. 130 ст.2 од Кривичен Законик) продолжува да се гони по предлог (согласност) на жртвите и покрај аргументираното застапување на ГОи и практичарите за поведување на кривичната постапка по службена должност без согласност на жените што претрпеле семејно насилство. Станува збор за најзастапеното кривично дело како резултат на семејното насилство. Тоа е единствено дело за чие кривично гонење е потребна согласност од самата жртва, што резултира во „повлекување“ на жените што претрпеле семејно насилство од понатамошно водење на постапката и неказнивост на сторителите на семејно насилство. Дополнителен недостаток е недоволното запознавање на општата јавност како и ранливите групи на жени со усвоеното кривично законодавство, што претставува продолжување на досегашното „запоставување“ на превентивната функција на државата во справувањето со насилството врз жените и семејното насилство.

И покрај проширените надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), продолжува непочитувањето на законските одредби за финансиска независност на ова тело од страна на Министерството за финансии и Собранието, со што се оневозможува ефективно спроведување на активности за подигањето на јавната свесност, како и подобрување на примената на меѓународната и националната правна рамка за заштита на човековите права.

**НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА**

***Работевме на јакнење на капацитетите на ГОи за решавање на проблемите во пристапот до правда за ранливите групи на граѓани***

- Придонесовме за развивањето на стратегијата за родова еднаквост во пристапот до правда на глобалната Мрежа за правно зајакнување – НАМАТИ, преку организирање на средби со претставници на ГОи на национално и регионално ниво (Грција, Албанија, Бугарија, Босна) на кои ги дискутиравме приоритетните области за подобрување на состојбата на жените, можностите за заедничко учење (градење на капацитети) и застапување на национално, регионално и меѓународно ниво .

- Во соработка со Македонското здружение на млади правници придонесовме за јакнење на капацитетите на граѓански организации кои работат во рурални средини за Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминацијата врз жените при ОН, преку организирање на обука и обезбедување на менторска поддршка при подготовката на Извештај во сенка за фактичката положба на жените од руралните средини.

***Обезбедивме докази за потребите на граѓаните во однос на олеснување на пристапот до правда***

- Подготвивме писмен поднесок (извештај во сенка) за Универзалниот периодичен преглед при ОН за областите: насилство врз жените и семејно насилство; пристап до примарна здравствена заштита за ранливите групи на граѓани, како што се жените, Ромите, населението од руралните средини.

- Подготвивме писмен придонес кон Извештајот "The Promise of Legal Empowerment to Transform Access to Justice" на Специјалната известувачка за независноста на судиите и адвокатите при ОН.

- Дадовме свој придонес во подготовката на годишниот извештај на Светска Банка „Women, Business and the Law 2023", преку писмен поднесок во однос на положбата на жените во областа на родово базирано насилство, бракот и семејството, имотни односи пазар на труд и др.

- Подготвивме анализа за користа и придобивките од обезбедување на бесплатна правна помош за жените што претрпеле семејно насилство за 2022 година, со што го завршивме циклусот на подготовка на годишни анализи од ваков вид започнат од 2017 година.

- Подготвивме анализа за различните видови на трошоци со кои се соочуваат жените како резултат на семејното насилство, како што се загубената работа и намалување на приходите на жените, здравствените трошоци, трошоците поврзани со промена на местото живеење и сите останати трошоци.

- Собравме податоци од жените кои воделе граѓански судски постапки за издршка на децата, кои ќе бидат искористени за подготовка на анализа за начинот на досудување, висината на издршката споредено со потребите на децата и исплаќањето на издршката.

***На жените што претрпеле семејно насилство продолживме да им ја обезбедуваме потребната правна и психолошка помош***

- Обезбедивме правна помош на 150 лица, организиравме 374 состаноци и психолошка помош на 45 лица

- Застапувавме пет жени во иницирање и водење на потребните судски постапки

***Работевме на зајакнување на капацитетите на формалните институции на правдата***

- Преку националниот процес на Отворено владино партнерство застапувавме за усвојување на посебна цел во новиот НАП за 2024-2026 за интензивирање на активностите на надлежните министерства на полето на превенција и подобрување на свесноста кај општата и стручна јавност.

- Организиравме форуми на локално ниво со практичари од основите граѓански судови, Центрите за социјална работа (ЦСР), подрачните одделенија за бесплатна правна помош на Министерството за правда и граѓанските организации од Куманово, Прилеп и Битола за унапредување на граѓанско-правната заштита на жените што претрпеле семејно насилство.

- Организиравме обука за полициските службеници од униформирана полиција и инспекторите за подобрување на нивното постапување во случаите на семејно насилство

- Дадовме придонес во регионална иницијатива за намалување на злоупотребата на огнено оружје во случаите на семејно насилство.

***Заедно со жените што претрпеле семејно насилство работевме на нивно економско зајакнување и обезбедување на средства за обезбедување на правна помош преку социјалното претпријатие ПОГОН***

- Успеавме понудата на ПОГОН да допре до 410 производители на локални производители на рачни изработки од Северна Македонија и пет земји од регионот, а со 15 од нив склучивме договор за соработка.

- На ПОГОН вклучени се 46 производители на рачни изработки, кои пласираат 394 различни видови на производи.

- Оствививме приход од над  100.000 денари што претставува пораст од 4 пати во споредба со 2021 година.

- Брендот ПОГОН и производите кои се пласираат преку ПОГОН, вклучително и оние кои се изработени од жените кои претрпеле семејно насилство допре до 484.885 лица од Северна Македонија.

- ПОГОН – уникатна платформа допринесе и кон економско јакнење на 16 жени кои претрпеле семејно насилство. Односно, овозможи да пет жени кои претрпеле семејно насилство посетуваат курс за кроење и шиење, и најмалку 11 жени бидат вклучени во

континуирани обуки за изучување на техники за изработка на накит и работно ангажирани во изработка на уникатна линија на накит за ПОГОН.

- Како резултат на спроведено истражување помеѓу таргет групите на социјалното претпријатие ПОГОН (270 жени од 25 до 55 години), ПОГОН доби можност за прилагодување на својата понуда кон потребите на потрошувачите, како и за позиционирање во однос на конкуренцијата.

- Развивме посебна линија на накит “POGON – Unique products”.



# 3

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2023 ГОДИНА**

Во првото тримесечје на 2023 година беше објавен Извештајот на Бирото за демократија, човекови права и труд на Стејт Департментот на САД за 2022 година, во кој се нотира дека државата презема чекори што не се доволни за решавање на втемелените проблеми со корупција, прекршување на човековите права и безбедноста на граѓаните. Во извештајот се вели дека во Република Северна Македонија особено загрижуваат: нечовечкото и понижувачкото постапување на затворските служби и пренатрупаноста во одредени затворски одделенија, насилството и заканите за насилство врз новинари, сериозната владина корупција, недостатокот на одговорност за родовото и семејното насилство и насилство и закани кон ЛГБТ популацијата.

Извештајот на Европската Комисија за Р. Северна Македонија покажува уназадување во клучните области по кои се мери напредокот на државата во однос на 2022 година. Значително уназадување, според овој извештај, се нотира во правосудството и борбата против корупцијата, кои пак се клучни за целокупниот тек на преговорите со земјата.

Северна Македонија е рангирана на 85то место од 180 држави и територии според перцепцијата за корупција во јавниот сектор во 2022 година со 40 индексни поени, што е еден поен повеќе од лани.

Резултати од годишната оценката на нивото на проактивност и реактивност на јавните институции од интерес на ЕСЕ, за 2023 година, покажуваат стагнирање и уназадување на состојбите во однос на 2022 година.

Оценката на нивото на проактивност, што ја спроведува ЕСЕ секоја година покажува дека во 2022 година само една (локалната самоуправа Делчево) од 25 институции била проактивна транспарентна. Односно, од проактивно нетранспарентна во периодот од 2014 до 2021 година, локалната самоуправа Делчево оваа година е единствената транспарента институција и истата објавува повеќе информации и од Министерството за финансии кое во изминатите две години беше на првото место во однос на проактивната транспарентност.

Во 2022 година бројот на нетранспарентни институции се зголеми од 15 на 18 во споредба со 2021 година. Влошување на нивото на транспарентност во однос на 2021 година, се бележи кај четири институции, односно, Владата на Р. Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, и единиците на локална самоуправа Кочани и Пехчево. Тие од делумно проактивно транспарентни преминаа во нетранспарентни институции.

Континуираното следење на достапноста на 16те клучни документи и информации на интернет страниците на јавните институции од 2014 година до 2022 година, покажа дека само една од 25 институции бележи напредок. Четири од 25 институции кои покажале некакво унапредување во минатото, во последните години стагнираат, а осум бележат намалување на бројот на документи/информации што ги објавуваат. Најголемиот број на институции (12 од 25) не бележат промени и по девет години се уште се вбројуваат во категоријата на проактивно нетранспарентни институции.

Само мал дел од мерките креирани во рамки на Отвореното владино партнерство што се однесуваат на унапредување на пристапот до јавни услуги и пристап до правда се спроведени.

## НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

***Обезбедивме поддршка на граѓаните и јавните институции за унапредување на фискалната транспарентност и постигнување на повисоки и подолготрајни промени***

- Поттикнуваме дебата и активизам во јавноста преку обезбедување на информации и едукативни материјали во областа на фискалната транспарентност и буџетирањето засновано на приоритети.

- Обезбедивме поддршка на повеќе од 20 членки на COPASAH Europe кои работат на унапредување на фискалната транспарентност и отчетност во областа на економските и социјалните права, преку градење на нивните вештини и поттикнување и поддршка на заеднички активности за застапување;

- Ја продолживме соработката со АВРСМ, МТСП, и МЗ во насока на обезбедување на механизми за граѓанско учество и јакнење на капацитетите на вработените во овие институции. А дополнително, започнавме да работиме и со МЖСПП.

***Работевме на градење на доверба и одржлив развој на иницијативите за унапредување на фискалната транспарентност***

- Го промовиравме концептот на отвореност во постапките за јавни набавки кај 62 институции кои обезбедуваат услуги на граѓаните од областа на социјалните и економските права, преку мониторинг на постапките за јавни набавки на овие институции и подготовка на препораки за унапредување на идентификуваните предизвици;

- Работевме на унапредување на пристапот до информации од јавен карактер, со особен фокус на информации кои се важни за мерење а родовата еднаквост и уживањето на правата од стана на ранливите групи на граѓани, преку спроведување на постапки за пристап до информации, едукација на јавноста и институциите за барање и обезбедување на информации, предлагање на мерки и активности за јавните институции кои ќе придонесат кон зголемување на обемот на информации кои се достапни за јавноста, како и мерење на нивото на проактивност и реактивност на институциите и подготовка на годишни извештаи за оценка на транспарентноста.

- Ко-претседававме со Советот за ПОВ 2021 – 2023 година.

- Го координиравме процесот на ко-креирање на мерки и активности за граѓанско учество во рамки на АП за ПОВ 2023 – 2026 година.

- Учествувавме на низа јавни настани на национално и меѓународно ниво каде ги презентиравме нашите наоди од областа на фискална транспарентност и граѓанско учество.

- Станавме дел од групата на лидери во Европа кои покажале значаен придонес кон унапредување на граѓанското учество во земјата и кои ќе продолжат заеднички да работат на унапредување на граѓанското учество на ниво на Европа (во рамки на ПОВ).

- Јавно достапна е дигиталната платформа за објавување на реални навремени информации за спроведување на активните мерки и политики за вработување на АВРСМ изработена од ЕСЕ.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023



| Приходи | износ во МКД |
| --- | --- |
| **Пренесен дел на вишокот на приходите од претходна година** | **21,188,389** |
| **Приходи од камати и курсни разлики** | **1,163** |
| **Приходи од донации, членарини, подароци и останато** | **12,234,040** |
| - Европска Комисија | 241,617 |
| - Kvina Till Kvinna | 1,854,459 |
| - JSI Mrite - USAID | 7,139,453 |
| - UNDP | 629,339 |
| - ХЕРА (CIVICA) | 729,661 |
| - Останати приходи (донации од компании, приходи од социјално претпријатие и др.) | 1,639,511 |
| **Вкупно** | **33,423,592** |

| Расходи | износ во МКД |
|---|---|
| - Расходи за материјални трошоци, услуги и амортизација | 3.115.217 |
| - Расходи за капитални и други средства | |
| - Расходи за помош, донации и други средства | 294.000 |
| - Расходи за плати и надомест за плати | 9,577,365 |
| - Расходи за спроведување на програмски активности | 6.103.675 |
| **Вкупно** | **19.090.257** |

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ**

**www.esem.org.mk**